РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 09-4285/3
12.09 2024 год
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 36 став (1) алинеа (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 38-г од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/10, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024, 09/2024), а во врска со член 17 Законот за младинско учество и младински политики („Служен весник на Република Северна Македонија“ бр.10), Претседателот на Совет на Општина Крива Паланка го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## За избор на членови на Иницијативен одбор за организација и оддржување на конститутивната седница на локалното собрание на млади на Општина Крива Паланка

1. Се формира Иницијативен одбор за организација и оддржување на конститутивната седница на Локалното собрание на млади на Општина Крива Паланка. За членови на Иницијативниот одбор се избрани:

- Ангела Крстевски (ЦМИ Цик - Цак Крива Паланка);
- Теодора Стојановска (Црвен Крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Крива Паланка) и
- Давид Георгиевски (РЦС Спектар Крива Паланка).

2. Членовите на Иницијативниот одбор имаат за задача да го формираат Локалното собрание на млади. Иницијативниот одбор е составен од три члена. Иницијативниот одбор се формира само еднаш за оддржување на конститутивната седница на Локалното собрание на млади, односно со конституирање на Локалното собрание на млади. Со конститутивното собрание претседава најстариот член на Иницијативниот одбор кој доаѓа од редот на младинските организации.

3. Иницијативниот одбор во својата работа е должен да го почитува Законот за младинско учество и младински политики („Служен весник на Република Северна Македонија“ бр.10) и Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 12/10, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024, 09/2024).

4. Ова решение влегува на сила со денот на неговото донесување.

**Правна поука:** Против ова решение незадоволната страна нема право на жалба.

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**